Бр. 12-2667/2
____ год.
20-09-2019

# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
# - ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 6, член 21 став 1 и став 2, член 26, член 38 став 3 и став 4 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по пријава за корупција од непознат подносител, на 22-та седница одржана на ден 17 септември 2019 година донесе

**Одлука**

Пријавата за корупција бр. 12-2667/1 од 10.05.2019 година доставена од непознат подносител **СЕ ОТФРЛА**.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за надлежно постапување по предметот со број 12-2667 од 2019 година.

Предметот со број 12-2667 од 2019 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со број 12-2667 од 2019 година е оформен врз основа на пријава бр. 12-2667/1 од 10.05.2019 година, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата од непознат подносител.

Во пријавата се содржани наводи за сомневање за поврзаност помеѓу лицата ----- -----, поранешен директор во пропаднатата македонска банка „ -------- Банка",-----------------, поранешен вработен во ---------- Банка и Кабинетот на ------ ---------- и нивна вмешаност во сомнителни финансиските трансакции на „Фамилијата", со индиции за финансиски релации со Чешките банки.

При разгледувањето на содржината на пријавата, Државната комисија за спречување на корупцијата констатира дека во пријавата не се содржани коруптивни наводи и истата не содржи податоци за покренување на постапка од страна на Државната комисија по што оцени дека Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи надлежно да постапува во конкретниот случај.


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Оваа одлука е конечна и против неа не е дозволена жалба.

**Правна поука:** Против оваа Одлука на Државната комисија за спречување на корупцијата, подносителот на пријавата може да поведе управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од приемот.

**Одлучено на ден 17 септември 2019 година под бр. 12- 2667/2**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател**
**м-р Владимир Георгиев**


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата

Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3215 377
www.dksk.mk